површини, за реализација на предмети на студиската програма Пејзажно дизајнирање при Шумарскиот факултет во Скопје;

- **м-р Искра Апостоловска,** вработена во ЈП Паркови и зеленило – Скопје, за реализација на предмети на студиската програма Пејзажно дизајнирање при Шумарскиот факултет во Скопје;
- **м-р Смиљка Тенева,** вработена во Министерство за животна средина и просторно планирање –Скопје, за реализација на предмети на студиските програми: Шумарство и Екоинженеринг и екоменаџмент.

**Член 2**

Лицата од член 1 од оваа Одлука, по покана од Наставно-научниот совет, како афирмирани стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Универзитетот за избор во звање, можат како специјалисти и експерти да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

Лицата од став 1 можат да се ангажираат во зимскиот семестар во академската 2019/2020 година и можат да престојуваат најмногу еден семестар во учебната година.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 19. седница одржана на 10.9.2019 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за измена на ПРАВИЛНИКОТ за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје (АНЕКС бр. 9)

Член 1

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје (АНЕКС бр. 9) во Прилог 1 - Работна карта на работни места на наставен кадар и работни места на друг соработнички кадар во високото образование.

Член 2

Во Прилог 1 - Работна карта на работни места на наставен кадар и работни места на друг соработнички кадар во високото образование,

- во табелата со назив Катедра за ортодонција, во колоната број на извршители - научни звања ,,/“ се заменува со бројот 3,
- во табелата со назив Катедра за орална хирургија, во колоната број на извршители - научни звања, бројот 2 се заменува со бројот 3,
- во табелата со назив Катедра за стоматолошка протетика, во колоната број на извршители - научни звања, бројот 4 се заменува со бројот 7.

Член3

Овој Правилник за измена на ПРАВИЛНИКОТ за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС 9) - Прилог 1 - Работна карта на работни места на наставен кадар и работни места на друг соработнички кадар во високото образование, влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Декан**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, алинеја 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 208, став 1, алинеја 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 242. седница одржана на 22.10.2019 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за давање согласност

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за измена на Правилникот за ***систематизација на работните места*** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – **Стоматолошки факултет - Скопје (Анекс бр. 9)**.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 208, став 1, точка 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 5 од Правилникот за Рускиот центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02 – 699/10 од 5.9.2016 година, Ректорската управа, на 242. седница одржана на 22.10.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
### за донесување на Програмата за работа на Рускиот центар

**Член 1**

Со оваа Одлука, Ректорската управа ја донесува Програмата за работа на Рускиот центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2020 година.

Финансиските средства за реализација на Програмата се обезбедуваат преку донации.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 208, став 1, точка 10 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425, 28 јуни 2019 година) и член 17 од Правилникот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр.02-637 од 28.9.2009 година, бр.02-515 од 1.7.2010 година, бр.02-690 од 18.11.2010 година, бр. 02-272 од 28.3.2011 година, бр. 02-509/18 од 8.6.2012 година и бр.02-667/3 од 15.7.2015 година, и Предлогот на Комисијата за избор на лектори по македонски јазик во странство бр. 02-987/2 од 9.10.2019 година, Ректорската управа, на 242. седница одржана 22.10.2019 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за избор на лектори по македонски јазик на определено време за учебните 2019/2020 и 2020/2021 година на универзитетите во Краков – Р Полска, Будимпешта – Р Унгарија, Москва – Руска Федерација, Истанбул - Р Турција и Букурешт - Р Романија

**Член 1**

Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за лектори по македонски јазик ги избира:

1. за лекторатот во Јагјелоњскиот универзитет **во Краков, Република Полска – м-р Елена Мицевска**